БОСИЛОВО

# Република Северна Македонија
# Општина Босилово

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

Бр. 08-464/1
25.02.2026 година

Врз основа на член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Босилово(Сл.гласник на општина Босилово бр.21/14)а в.в. со член 17-в од Законот за јавните претпријатија (Редакциски пречистен текст: Сл весник на РСМ бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003.....39/2016,64/2018,35/2019,275/2019,82/2020,89/2022,274/2022,208/2024,193/2025)на предлог на Градоначалникот на општина Босилово,Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 25.02.2026 година донесе,

**Одлука за ПОНИШТУВАЊЕ на јавниот повик за избор на 4(четири)члена на УО на ЈПКД"Огражден"Босилово**

**Член 1**

Се ПОНИШТУВА јавниот оглас за избор на 4(четири)членови на УО на ЈПКД"Огражден"Босилово бр.08-333/1 од 09.02.2026 година, објавен на Веб страната на општина Босилово на 10.02.2026 година.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Сл.гласник на општина Босилово.

**Образложение**

Советот на општина Босилово на седница на Совет одржана на ден 29.12.2025 година донесе Одлука за распишување на јавен повик за избор членови на Управен и Надзорен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово.

Од страна на општинската администарција беше изготвен Јавен повик за избор на 4 (четворица) членови на Управен одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово бр.08-333/1 од 09.02.2026 година објавен на ВЕБ страната на општина Босилово на 10.02.2026.

При подготвувањето на Јавниот оглас за избор на членови на Управен одбор не се зема предвид член 17-ѓ став 4 од Закон за јавните претпријатија "Во случај на предвремен престанок на мандатот на член на управниот одбор во јавното претпријатие, се спроведува постапка за селекција согласно со одредбите од овој закон.

Мандатот на ново избраниот член на управниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав."

Тоа значи дека при истекот на мандатот на четворицата членови на управниот одбор Советот требало да констатира предвремен престанок на петтиот член на управниот одбор на ЈПКД"Огражден"Босилово кој беше избран на јавен повик со решение 08-2468/1 од 27.11.2023.

Исто така постојат и формално-правни причини за поништување на Јавниот повик бр.08-333/1 од 09.02.2026 година бидејќи при неговото распишување се повикувавме на Правилник од 2022 година, а во меѓувреме е донесен нов Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие,начинот на поднесување на пријавата,обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(Сл.весник на РСМ бр.213/2024) година кој ја уредува постапката за избор на членови на управен и надзорен одбор.

Со цел да се обезбеди законитост и усогласеност со најновата регулатива, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Совет на општина Босилово**
**Претседател,**
**Горанчо Граждланлиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БОСИЛОВО Босилово